РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KSHPK
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2566/5
10-11-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по поднесена пријава, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 41-та седница одржана на 30.10.2026 година ја донесе следната

О Д Л У К А

Предметот заведен под број 09-3057/1 од 24.11.2025 година против службеното лице, административен службеник, вработен во ---------- – Тетово, ---------, **СЕ ЗАПИРА.**
ДКСК после утврдување на фактичка состојба констатира дека не е утврдена повреда на член 44 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што нема елементи за натамошно постапување.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 24.11.2025 година, поднесена е пријава против службеното лице ----------, административен службеник и вработен во -------- – Тетово, по што е оформен предмет број со бр. 09-3057/1.

Наводите во пријавата се однесуваат на наводни незаконитости и постоење на судир на интереси што ова лице извршувало функција Директор на -------во Тетово, а истовремено извршувал и друга функција – -------- Тетово, а во определен период се поврзувал и со активности во Јавното претпријатие --------. Се посочува дека пријавеното лице имало примања во ист временски период од сите три наведени институции.

Заради проверка на наводите од пријавата и утврдување на фактичката состојба, ДКСК се обрати со барања за податоци и информации до --------, а по обезбедената документација утврдена е следната фактичка состојба:

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

--------- известува дека лицето ------ било вработено во Дирекцијата во перидот од 25.12.2024 година, заклучно со 31.07.2025 година, на работното место помлад соработник за евиденција на засолнување, Подрачно одделение за -------- Тетово, Сектор за оперативна и логистика.

Додека, -------- достави информација дека лицето ------- е во редовен работен однос на неопределено работно време во --------, распореден на работното место Помлад соработник за административни работи, Одделение за ---------. Во прилог е доставена и Спогодба за трајно преземање и вработување на административен службеник без јавен оглас со број 04-10049/2 од 22.07.2025 година, со која посоченото лице, согласно член 44 од Законот за вработени во јавен сектор, по пат на спроведена постапка за мобилност преку превземање, било превземено од ----------.

Заради утврдување на фактичката состојба за наводите за вршење на две функции на пријавеното лице – Одговорно лице на ---------- во Тетово и ---------- Тетово, како и наводите дека во одреден период бил поврзан со активности во -------- Тетово, ДКСК изврши увид во базите на податоци од Централниот регистар на РСМ и на јавно достапните податоци по што се констатира дека:
- од увид во податоците од Централниот регистар за подружница на Дирекцијата ---------- во Тетово, се констатира дека овластено лице на истата е --------, односно не е пријавеното лице,
- при пребарување на податоци за ------- утврдено е дека истиот не е регистриран како посебен правен субјект, туку дека --------- во рамките на својата надлежност раководи со базен за потреби на граѓаните на ------, односно дека на истиот нема именувано лице кое врши функција Одговорно лице.
-видно од Историјатот на промени од Централниот регистар на РСМ за ------ Тетово, лицето ---------- не е наведено како овластено лице на Јавното претпријатие во целиот период на постоење на ова претпријатие, поради што не може да се констатира формална поврзаност на посоченото лице со ова ЈП.

Врз основа на извршената анализа на добиената документација и податоците од Централниот регистар на РСМ и утврдување на фактичката состојба, ДКСК заклучи дека наводите од пријавата не се потврдуваат и дека не е констатирана повреда на член 44 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, бидејќи од обезбедената документација се констатира дека лицето --------- е административен службеник вработен во --------- и не ги извршува функциите наведени во пријавата.

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

Претседател,

Адем Чучуљ

По заклучок од седница на ДКСК:
Изработил: М.М - соработник
Контролирал: С.К. – раководител на одделение
Согласен: К.З. – раководител на сектор
Одобрил: м-р К.З. - член на ДКСК